# Вовед

Темите кои се предмет на анализа во ревиите за социјална политика имаат тендеција да ги третираат актуелните општествени случувања во Македонија, со цел да се истакнат предизвиците, недостатоците, придобивките и можните насоки за промена како на теоретско ниво, така и во доменот на политиките во јавниот секор и кореспондентните јавни (социјални) услуги. Овој број на Ревијата - седми по ред, прави обид за придонес во таа насока преку анализа на состојбите во доменот на образованието во Македонија. Образованието на сите нивоа, за сите возрасти и во сите форми (формални, неформални) претрпе големи промени во изминатиот период. Од тие причини, текстовите во овој број од Ревијата ги анализираат различните аспекти на промена и нивното влијание кон подобрување на статусот, стандардот и позицијата на лицата кои се корисници на образовните услуги. Содржинскиот дијапазон опфаќа теми кои се однесуваат на социјалната педагогија (Миовска-Спасева), моделизација на образовните политики (Борнарова), континуираното образование и старите лица (Димитријоска), политичката манипулација, образованието и толеранцијата (Ружин), како и врската меѓу образованието и сиромаштијата (Шукала).

Истовремено, чест ми е да истакнам дека овој број на Ревијата за социјална политика претставува специјално издание, бидејќи истото е посветено на проф. д-р Дивна Лакинска, во знак на одбележување на нејзиниот 70. роденден. Како дел од наставниот кадар при Институтот за социјална работа и социјална политика, проф. Лакинска направи голем придонес во афирмирањето на спојот меѓу образовната и социјалната димензија, меѓу традиционалното и современото во науката, меѓу теоријата и практиката. Таа беше лидер во препознавањето на идните предизвици и тенденции во образовната и социјалната сфера, што придонесе за иницирање на голем број научно-стручни активности, во кои ги вклучуваше сите свои соработници. На тој начин се трасираше и меѓународната активност на Институтот, а секако, и соработката со голем број граѓански организации во Македонија. Сите статии и прилози во овој број, покрај расправата за специфичните аспекти на образованието, прават своевидно чествување и укажување на придонесот на проф. Лакинска во секоја од

анализираните теми.

На овој скромен начин, Институтот за социјална работа и социјална политика и колегите од сродните институти при Филозофскиот факутет искрено се заблагодаруваат на проф. Лакинска за нејзиниот придонес во општествените науки во Македонија, особено во педагогијата, социјалната работа, методологијата во општествените истражувања, и друго. Истовремено, се надеваме дека научниот и стручен потенцијал на професорката ќе продолжиме да го користиме и во годините кои доаѓаат.

Срдечно,

Маја Геровска Митев, проф. д-р

Уредник на „Ревијата"